Република Северна Македонија
Општинско основно училиште
ЉУБЕН ЛАПЕ
Бр. 02-1127/1
16.11 20 22 год.
Аеродром-Скопје

**ДО:**
**- членовите на Совет на родители**
**- в.д. директорот на училиштето**
**- членовите на УО**
**- архивата**

## ЗАПИСНИК бр.3/2022 - 2023
### од состанок на Совет на родители на ОУ „Љубен Лапе“ одржан на 31.10. 2022 год.

На 31.10.2022 (понеделник) со почеток во 18:00 часот се одржа средба на Советот на родители во просториите на училиштето со следниот

**Дневен ред:**

1. Усвојување на Записникот од претходната седница на Советот на родители;
2. Избор на член на Училишен одбор;
3. Дискусија за предлог мислење за годишна програма на Совет на родители;
4. Разно

По констатирано мнозинство за одржување на состанокот, 33 присутни (список приложен како додаток на овој записник) се премина на усвојување и разгледување на точките од дневниот ред.



Scanned with CamScanner

На состанокот присуствуваа в.д.директорката и следните претставници на стручните служби и наставници од училиштето:

-Ивана Цветановска
- психолог Тара Кораќ
- Милка Тримчевска (македонски јазик)
- Сања Станисавовска (природни науки)
- Маја Ковачева
- Марина Спасовска
- Даниела Гаштаровска

На состанокот присуствуваше и претставникот во училишен одбор од о.Аеродром, Дејан Јакимовски.

1. По однос на **првата точка** – записникот беше ставен на гласање и со мнозинство гласови беше усвоен.
2. По однос на **втората точка -** од Претседателката на Советот беше објаснето дека член од родителите во УО се повлекува од функцијата и поради тоа има потреба од избор на нов член. На барањето за да се пријават кандидати, се пријавија

   1.Душица Утевска – 2-1 одд. која кажа дека се кандидира затоа што во ова училиште има 2 деца и дека сака да помогне во работата на УО во права насока.

   2. Вангел Мариновски – 9-5 одд. кој кажа дека се кандидира поттикнат од целокупната ситуација во училиштето и дека треба повеќе практичност и дејствување , а не меѓусебно докажување, за доброто на децата.

   3. Лаза Ѓуров 2-2 одд. кој кажа дека се кандидира затоа што смета дека училиштето стои пред многу предизвици, конкретно 8 , за кој тој напишал и конкретни предлози, конкретни работи за решавање на истите кои им беа доставени на сите членови од СР и по меил и во печатена форма на самиот состанок.

   Се пристапи кон формирање на Комисија. Истата ја сочинуваа:

   1. Срѓан Ѓорѓевиќ 2-4 одд.
   2. Викторија А. Новески 2-3 одд.
   3. Александра Пероска 7-4 одд.

По изборот на комисијата се пристапи кон тајно гласање. По гласњето и пребројувањето на гласовите за нов член на УО со 16 гласови од вкупно 33 беше избран претставникот на 2-2 одд. Лазар Ѓуров.

По ова бидејќи тој досега ја вршеше функцијата на потпретседател на Советот на родители имаше потреба од избор на нов потпретседател на СР. За ова се побара да се пријават кандидати. Се пријави Викторија Атанасоски Новески од 2-3

Scanned with CamScanner

одд. Бидејќи немаше други кандидати предлогот беше ставен на гласање и со мнозинство гласови беше усвоен.

3. По однос на **третата точка-** За годишната програма на СР Претседателката кажа дека ние како Совет доцниме со усвојувањето на Годишната програма на Советот на родители. Таа беше доставена по меил до сите претставници на одделенијата и побара да се гласа сега за усвојување, па ако има потреба да се прават со рокови одредени измени или пак да се корегира за следната година. Предлогот е ставен на гласање и со мнозинство гласови е изгласан.
4. По однос на **четвртата точка-** се започна дискусија за прашања од тековни проблеми.

Беше прашано за ужинка дали ќе имаат децата, бидејќи во училиштето беше спроведена анкета и дека ништо до сега нема. В.Д.Директорката Ивана кажа дека немало понуда зошто бројката била мала, околи 50 деца. На ова претставник од 4-4- одд. рече дека таа бројка не е реална , на што се надоврзаа други родители кои кажаа дека само нивните одделенија скоро сите деца се пријавиле. Претставник на 2-2 одд. праша дали досега е прашан, контактиран добавувачот кој носи топол оброк да даде понуда и дека може да се праша. Претставник на 2-3 одд, даде предлог ако е сегашниот добавувач да се даде доручек или ручек. На овој предлог се надоврза Претседателката на советот дека тоа не е можно заради распоредот на јадење во кујната, ќе се прави гужва, нема место.

Заклучок беше дека треба да се направи нова анкета за да се изјаснат родителите и да се формира Комисија за ужинка која ќе најде понуди.

За членови на комисијата беа пријавени

1.. Душица Утеска 2-1 одд.
2. Александра Лозаноска 4-1 одд
3. Оливера Мојсовска Величковски 7-2 одд.

Предлогот беше изгласан со мнозинство гласови.

По однос на состојбата со кујната беше кажано дека по последната проверка од комисијата извештајот е позитивен, направени се измени и промени и дека Виктор во петок пак ќе појде во контрола.

Во врска со осветлувањето во училишниот двор посебно од задната страна каде е многу темно а децата одат во салата за тренинзи, В.Д Директорката предложи ако имаме некои донации да се искористат за подобрување на осветлувањето или да се стават соларни светилки. Претставник од осмите одд кажа дека средства од клубовите кои плаќаат за наем да се искористат за оваа намена.

Scanned with CamScanner

Во врска со гардеробите беше одговорено дека се е средено.
За тоа кога ќе имаат помалите одделенија наставник по физичко воспитување, В.Д Директорката рече дека е најден и за две недели треба да почне со работа.
Во врска со прашањето за униформите каде да се заменат или докупат ВД Директорката кажа дека од општина ќе и кажат , ќе и дадат информација од кога и каде ќе може да се направи замена или докупи и таа ќе не извести.
Во врска со земањето на децата од целоднавна настава пред 16ч В.Д Директорката појасни дека неможе децата да се земаат пред 16 ч затоа што во тоа време имаат некакви наставни активности, не им е слободно попладне. Може во одредени ситуации со предходна најава кај наставничките. Бидејќи имаше многу поплаки на ова прашање Дејан член на УО ја објасни ситуацијата така што кажа дека за оваа година училиштата од општина Аеродром имале да изберат една од трите понудени начини на работа на целодневната настава. Тоа се од 7.30-15.30/8.00-16.00/8.30-16.30 ч и дека секое училиште си избрало како ќе работи и дека тоа е во Годишната програма на училиштето и неможе да се менува или некој да си прави како сака или ќе му текне од лични причини и дека треба да има ред и да се почитува куќниот ред на училипштето. Значи децата се на настава од 8.00 до 16.00 ч со тоа што може да дојдат во училиште, да бидат донесени од 7.20 ч и да бидат земени до 16.40 ч.
Во однос на прашањето за проектори во училиниците за 1 и 4 одд. дали ќе се набават В.Д директорката кажа дека оваа година не, не се планирани, не се нарачани и побарани од општина кога предходно прашувале за бројка, така што имало потреба од 20, а биле побарани само 4. И дека може да се планира да се бара за следната година за да ни обезбедат средства од општина, бидејќи за оваа година буџетот е изгласан и дека истотака може да се бараат донации.
В.Д Директорката кажа дека во следите денови од општината ќе им бидат доделени на сите деца од 4то одд таблети за лична употреба.
Потоа збор зема наставниката по македонски јазик Милка Тримчевска која кажа дека треба сите да се залагаме да придонесеме во училиштето бидејќи секогаш има потреба од технички средства за реализација на наставата. Таа кажа дека стои на располагање за соработка со родителите и заедно реазлизирање на активности . Таа прв пат присуствува на состанок на СР и дека има впечаток за добра соработка помеѓу наставниците и родителите со зедничка цел подобрување на условите за децата во училиштето.
Претседателката на советот праша дали училиштето има некој резервен фонд кој би се употребил за нешто непланирано, санирање на некоја штета како на пример во едно одделение каде децата ја скршиле вратат тие сами ја надоместиле штетата. ВД директорката кажа дека такви средства нема.
Преставник на 2-2 одд. Жаклина, праша дали се планира оваа година да се организираат базари во училиштето на кои би се собрале парични средства за кои

Scanned with CamScanner

потоа може да се најде намена. На ова Дејан претствникот во општина рече дека прво треба да се најде каде се потрошени средствата собрани од досегашните базари, но Претседателката на советот кажа дека тоа било во минатото пред 2020 година и дека сега е поинаква ситуацијата во училиштето и ќе се има увид за тоа кеде ќе се потрошат и наменат собраните средства.

Претставник на 9-2 кажа дека училиштето има проблеми затоа што нема овластен лиценцирано лице за јавни набавки. На ова В.Д директорката кажа дека е одредено лице кое ја завршило обуката и дека се чека да полага и да добие лиценца за работа. Тоа би се случило во најскоро време.

Претставник на 2-1 одд. го постави прашањето дали се планира проширување, доградба на училиштето бидејќи физички неможе да ги прими сите деца,на кое В.Д директорката кажа дека од општината не ни дозволуваат доградба.

Претседателката на советот праша дали може приходите и средствата со кои располага училиштето да се видат за да се има претстава околу ова прашање. На ова се надоврза и претставник на 2-2 одд. кој кој рече дека буџетот треба да биде споделен со СР и за се, за секое барање за тоа од што се има потреба, на писмено да се бара од општината.

Претставникот Дејан рече дека завршната сметка и предлог буџетот на училиштето треба транспарентно да се сподели.

Претставник на 2-3 одд. праша дали се планира стручно лице почесто да ја следи наставата во одделението во кое имаа дете со посебни потреби затоа што ставрно има потреба од тоа. ВД директорката кажа дека да психологот на училиштето на неколку наврати во текот на изминатиоит период влегувал на час.

Претставник на 1-4 одд. праша што е со осигурувањето на првачињата бидејќи е избрана осигурителна компанија , каде е застанат процесот.На ова ВД директорката кажа дека ќе се јави во избраната компанијата да потпишат договор.

Во однос на хигената ВД директорката кажа дека е зголемено чистењето и дека и за време на одморите се чисти и има дополнителни активности за подобрување на хигената во училиштето.

Претставник на 7-2 одд. прашаа до каде е постапката за организирање ученички екскурзии. Беше кажано дека предлог програмите се во Биро за образование и се чека одобрение од нивна страна.

Одлука 1- Да се формира Комисија за ужина на учениците за избор на најповолната понуда.

Одлука 2 – до Совет на родители од в.д.директорка или од Училишен одбор да се сподели буџетот на училиштето

Scanned with CamScanner

Состанокот заврши во 20.00 часот.

**Записничар/секретар**
М-р д-р Оливера Мојсовска Величковски
(претставник на 7-2 одделение)

**Претседател на СР**
Ана Филипчева

Scanned with CamScanner